**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 12. 12. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6397 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: 11 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 12 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** (*„При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават: какви било информации, фотографии, аудио и аудио-визуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта“*)

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис, емитуван на 11 декември 2016 година, на државно ниво, констатирано е дека спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, во два прилога / извештаи од заедничка прес-конференција на Министерството за внатрешни работи и на Бирото за јавна безбедност, емитувани во ТВ-дневниците од 15 и од 17 часот, проследена е изјава на Митко Чавков, директорот на Бирото за јавна безбедност, кој е носител на функција во орган на власта.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**11.12.2016**

| Програма | Период на емитување на прекршокот | | Опис |
|---|---|---|---|
| | почеток | Крај | |
| Извештај од прес-конференција на МВР и на БЈБ (вкупно времетраење на новинарскиот извештај – од 15:05:15 до 15:05:53) | 15:05:26 | 15:05:53 | Изјава на Митко Чавков, директорот на Бирото за јавна безбедност - носител на функција во орган на власта. |
| Извештај од прес-конференција на МВР и на БЈБ (вкупно времетраење на новинарскиот извештај – од 17:05:39 до 17:07:36) | 17:06:07 | 17:06:33 | |

***Сектор за програмски работи***